Врз основа на член 22,23 и 24 од Законот за работни односи на РСМ, член 155-б, 156, 157,158,159, 161 и 164а,164б,164в,164г од Законот за здравствена заштита, член 30 од Статутот на ЈЗУ Универзитетската клиника за гастроентерохепатологија Скопје, Согласноста за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии број 19-5945/2 од 18.06.2025 година и Одлука бр.04-395/1 од 16.07.2025 година, в.д.Директорот на ЈЗУ Универзитетска Клиника за гастроентерохепатологија Скопје објавува:

# **Ј А В Е Н  О Г Л А С**

За вработување на на неопределено време на 2 (лица) лица на работно место -медицинска сестра на неопределено време

1. Кандидатите треба да ги исполнуваат следните **ОПШТИ УСЛОВИ** од Законот за здравствена заштит, и тоа:

    - да е државјанин на Република Македонија
    - да е полнолетен
    - да има општа здравствена способност и
    - да не му е изречена со правосилна одлука забрана на вршење професија, дејност или должност

**2.** Кандидатите покрај со Закон утврдени општи услови, треба да ги исполнуваат и следните ПОСЕБНИ УСЛОВИ **за работно место медицинска сестра:**

    - да имаат завршено Средно медицинско училиште за медицинска сестра
    - положен стручен испит
    - да поседуваат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење
    - со или без работно искуство

3. Во прилог на пријавата кандидатите се должни да ги достават следните документи:
    - Пријава со податоци за контакт
    - Кратка биографија (CV)
    - Уверение за државјанство на РСМ, оригинал или фотокопија заверена на нотар
    - Лекарско уверение не постаро од 6 месеци, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
    - Уверение дека не е изречена со правосилна одлука забрана на вршење на професија, дејност или должност, не постаро од 6 месеци, оригинал или фотокопија заверено на нотар

4. Покрај документите од точка 3 од овој јавен оглас, кандидатите за работно место **медицинска сестра**, треба да достават и:

- доказ за завршено Средно медицинско училиште (СМУ) за медицинска сестра и тоа Сведителствата од сите 4 (четири) години во кое е наведен успехот што е

постигнат во СМУ за секоја година посебно (оригинал или копија заверена кај нотар)
- доказ за положен стручен испит (оригинал или копија заверена кај нотар)
- сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење (оригинал или копија заверена кај нотар)

5. Рокот за пријавување на јавниот оглас е 5(пет) дена од денот на објавувањето.
6. Ненавремената, нецелосната и неуредната документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата за селекција на кандидати.
7. Документите се доставуваат во Архивата на Клиниката или на адреса, ЈЗУ Универзитетска Клиника за гастроентерохепатологија Скопје, ул.Водњанска бр.17, Скопје, со назнака: ,,за јавен оглас,, со напомена за кое работно место конкурира
8. По извршената селекција на пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите согласно јавниот оглас, ќе биде спроведен писмен и усмен испит согласно член 164-г од Законот за здравствена заштита.
9. Работното време за кандидатите е 40 часа неделно.
10. Основната нето плата изнесува за работно место медицинска сестра - 34.400,00 денари

***ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА***

***ГАСТРОЕНТЕРОХЕПАТОЛОГИЈА СКОПЈЕ***

в.д. Директор

Проф.д-р Мери Трајковска